ПРЕСПА ИНСТИТУТ
PRESPA INSTITUTE

# РАЗМИСЛУВАМЕ И РАБОТИМЕ ЗАЕДНО

NATO OTAN
This project is sponsored by the North Atlantic Treaty Organization

од проф. д-р Ненад Марковиќ и
проф. д-р Весна Попоска
Институт ПРЕСПА



Билатералните односи меѓу Северна Македонија и Шпанија го доживеаја својот врв на 31ви јули 2022 година, кога шпанскиот премиер Педро Санчез Перез – Кастехон ја посети Северна Македонија и се сретна со премиерот Димитар Ковачевски и претседателот Стево Пендаровски. Тоа беше прва посета на шпански премиер на Северна Македонија, од нејзината независност во 1991 година[1]. Посетата претставува пресвртница во односите меѓу двете држави. Во последните три децении билатералната соработка е прилично слаба, додека економските односи се ограничени и не го искористуваат нивниот потенцијал. Имено, трговската размена на двете држави изнесува нешто повеќе од 100 милиони долари по држава[2], при што Шпанија не е ниту во првите десет трговски партнери на Северна Македонија. Понатаму, Шпанија има минимален ангажман во извозот во Северна Македонија - 0,03% од нејзиниот вкупен извоз. Иако трендот на соработката се зголемува, постои многу голем потенцијал за соработка меѓу двете држави на повеќе нивоа.

Во однос на нејзиното политичко присуство, Шпанија е генерално отсутна од Југоисточна Европа во последните три децении, вклучително и од Северна Македонија. Со оглед на тоа што Шпанија е една од четирите големи држави-членки на ЕУ и посветен Атлантист, природно е во блиска иднина да го зголемува опсегот на соработка со државите од Југоисточна Европа, како билатерално, така и во рамките на ЕУ и НАТО. Од друга страна, Северна Македонија како нова држава-членка на НАТО има за цел да се етаблира во Алијансата, истовремено барајќи партнери и поддржувачи во процесот на пристапувањето во ЕУ, надевајќи се дека ќе ги отвори преговорите за првиот кластер – Основи, за време на шпанското претседателство со Советот на ЕУ во втората половина на 2023 година.

1 https://pretsedatel.mk/en/premier-spanija-en-31-07-2022/

2 https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=78

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РАЗВОЈ





Зборувајќи за билатералните односи, постои потреба да се иницира подобра и почеста соработка помеѓу Шпанија и Северна Македонија на две нивоа – државно ниво и на ниво на граѓански организации. На страната на граѓанските организации, тинктенк организациите играат особено важна улога во обликувањето на формалните политики и се влијателни во јавните сфери на двете држави. На ова ниво, билатералните форуми на тинктенк организации мора да се одржуваат годишно со цел да се разменат искуства, да се споделат податоците од истражувањата и да се развиваат заеднички предлози за јавни политики, како и да се зајакнат врските меѓу граѓанските општества воопшто. Се разбира, сите други форми на билатерална соработка се добредојдени.

Во економската димензија, севкупната трговска размена мора да се зголеми. Очигледно Шпанија не го искористува својот потенцијал до крај, што остава прстор за напредок. Ова првенствено се однесува на трговската размена од двете страни, но и на другите области од економијата. Сепак, првиот чекор треба да биде повторно воспоставување на директен лет меѓу двете земји. За граѓаните на Северна Македонија, Мадрид е втор најчеста неуслужена авионска рута[3]. Директната линија помеѓу Скопје и Барселона постоеше пред пандемијата на Ковид-19, кога беше откажана, а оттогаш не е обновена. Ова директно би влијаело на туризмот бидејќи Шпанија е омилена дестинација за македонските граѓани. Сепак, достапноста на Шпанија како дестинација е попречена поради недостатокот на редовни врски со Северна Македонија.

Во билатералната соработка на двете држави, од очигледни причини, токму на туризмот му треба многу повеќе внимание. Од една страна, како што споменавме, Шпанија е атрактивна и посакувана дестинација за граѓаните на Северна Македонија. Од друга страна, Северна Македонија го зголемува својот туристички потенцијал како егзотична и евтина дестинација, претежно за летен туризам, но и за културен туризам.

3 https://www.exyuaviation.com/2023/06/skopje-airport-targeting-new.html

# ПАРТНЕРСТВО ЗА ВРЕДНОСТИ



Во пресрет на петтото шпанско претседателство со Советот на Европската Унија, во втората половина на 2023 година, важно е да се истакне дека ЕУ е областа каде што Шпанија најмногу може да и помогне на Северна Македонија. Шпанија е државата-членка на ЕУ со најсилни про-ЕУ и проевропски чувства и воедно силен поддржувач на проширувањето на Унијата. Северна Македонија, од друга страна, треба конечно да го започне преговарачкиот процес. Затоа, природно е дека двете држави имаат многу поблиска соработка во рамките на ЕУ. На Шпанија ѝ претстои да го овозможи напредокот на Северна Македонија во преговорите со ЕУ до крајот на годината, доколку Северна Македонија ги исполни сите предуслови.

Северна Македонија покажува многу добар напредок во сите претпристапни области, особено кај усогласувањето со Заедничката надворешна и безбедносна политика[4] и рестриктивните мерки насочени кон Русија. Сепак, интеграцијата на државата трае премногу долго. Ова се должи на многу причини. Од една страна, проширувањето на ЕУ не е само технички процес. Ова значи дека се важни политичките позиции на државите-членки, што Северна Македонија го почувствува прилично грубо и често (по ветото од Грција, Холандија, Германија, Франција и конечно Бугарија). Од друга страна, ЕУ страда од заморот од проширувањето - поради релативно неуспешната интеграција на Бугарија, Романија и Унгарија, при што многу држави сега се противат на идното можно проширување до реформирање на Унијата. Покрај тоа, регионот на Западен Балкан не е високо на политичката агенда, иако тоа се промени по пандемијата и руската инвазија на Украина. Регионот во јавноста сè уште се прикажува како конфликтен и заостанат, како да не е дел од Европа *сама по себе* .

Сепак, ваквите негативни појави мора да се надминат, особено поради фактот дека пристапувањето во ЕУ треба да биде поширока интеграција со општествата од регионот, а не само технички процес на усогласување на законодавството или усогласувањето на политиките. Во овој контекст, градењето партнерства е од клучно значење, а исто така е и размената на искуства и развивањето на капацитетите на државите-кандидати. Ако се има предвид дека Шпанија е пример за демократска транзиција, ова е областа каде што би можела особено да и помогне на Северна Македонија. Во оваа насока, потребно е заедничко размислување и заеднички проекти, но, мора да се направи и поширок напор - да се промени начинот на кој повеќето Европејци размислуваат за Западен Балкан. Во овој поглед, на ЕУ и треба консолидирана стратегија за решавање на прашањето на новите кандидати, особено ако планира да ги покани Украина, Молдавија и Грузија како идни држави-членки. На државите од Западен Балкан им е потребна јасна политичка порака и конкретен план со рок за пристапување, а можни се неколку алтернативни сценарија до финализирање на полноправното членство. Една таква можност е продолжување со процесот како и вообичаено, преку засилена интеграција, но без јасен рок кога ќе се случи конечното интегрирање. Друга можност би била обратната засилена интеграција, каде што на државите од Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија, ќе им биде даден договорен датум за формално пристапување во блиска иднина и формат и временска рамка преку која кандидатите ќе станат полноправни членки со овластувања за одлучување и место во Европската комисија. Третата можност е претставена преку фазни преговори со државите од Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија.

Можноста за напредок во процесот на пристапување значително се зголеми, откако политиката за проширување стана политика за стабилизација и демократизација на континентот, поради руската агресија врз Украина. Ова партнерство засновано на вредности и создадениот моментум треба да се искористи особено за време на шпанското претседателство со Европската Унија.

4 https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/IDAN/2022/639327/EXPO_IDA(2022)639327_MK.pdf

# ПАРТНЕРСТВО ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Поради најновите случувања во Украина и руската инвазија, безбедноста добива на важност. Како државичленки на НАТО, Шпанија и Северна Македонија треба да сторат напор да и помогнат на Украина во нејзините напори да се одбрани од руската инвазија. Покрај политичката поддршка, двете држави треба да се вклучат во конкретната воена помош за Украина, како и да учествуваат во заедничките напори на Алијансата за стабилизирање на ситуацијата на украинскиот фронт и справување со последиците.

Шпанија беше последната држава-членка на НАТО што го ратификуваше договорот за прием на Северна Македонија во најмоќната политичка и воена алијанса во светот. Иако и двете армии веќе спроведоа конкретни заеднички потфати, оваа област на соработка има потенцијал да биде најголема доколку ја надмине воената димензија. Овој аспект, вклучува академска и економска соработка преку достапните фондови на НАТО, како и енергетска безбедност и потенцијал за користење и инвестирање во обновливи извори како што се сонцето, ветерот и водата.

Друга област на потенцијална соработка е справувањето со природни катастрофи и управувањето со итни случаи. Двете држави се соочија со значителни природни катастрофи, како поради климатските промени, така поради нивната географска припадност во поширокото медитеранско подрачје. Притоа, ризиците може само да се зголемуваат, што отвора простор за координирани напори од различни агенции за да се ублажи штетното влијание. Споделувајќи ресурси и експертиза, Северна Македонија и Шпанија можат да ја подобрат својата способност за одговор при природни катастрофи.

Конечно, постои и простор за соработка во областа на сајбер безбедноста. Со зголеменото потпирање на технологијата и дигиталната инфраструктура, двете држави се соочуваат со закани од сајбер-напади кои можат да ги нарушат критичните системи. Работејќи заедно на иницијативите за сајбер-безбедност, Северна Македонија и Шпанија можат да ја подобрат својата отпорност на такви закани. Северна Македонија, иако не е држава-членка на ЕУ, преку процесот на хармонизација на acquis ќе биде веројатно една од првите држави што ќе се усогласи со ЦЕР директивата, што отвора потенцијал за заеднички напори на полето на градење отпорност и заштита на критичната инфраструктура.

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РАСТ

Важните геополитички прашања се исто така дел од можните напори за соработка меѓу Шпанија и Северна Македонија. Во постпандемискиот периодот на економско закрепнување сите држави се соочуваат со многу ризици, како што се финансиски нарушувања, енергетска несигурност и радикални геополитички нарушувања на глобалната политичка сцена. Оттука, политички приоритет е двете држави да работат на обезбедување на енергетска безбедност преку диверзификација на изворите и подобрување на инфраструктурата. Ова подразбира намалување на зависноста од фосилни горива, како и создавање амбиент и инфраструктура за енергетска безбедност во услови кога не се важни само соседите во дефинирањето на енергетската безбедност на секоја држава.

Друго важно поле каде е потребна интервенција е конвергенцијата на приходите. Бидејќи пристапувањето во ЕУ го поттикнува процесот на регулација во државата, важно е Северна Македонија да го јакне капацитетот на домашните компании и работниците и да стане способна да се справи со пазарниот притисок во ЕУ. Конкурентноста е главниот двигател на развојот во ЕУ, затоа Северна Македонија мора да вложи напори за привлекување на странски инвестиции, поле каде што Шпанија би можела да игра значајна улога. Северна Македонија треба да спроведе најмалку три типа на структурни реформи - развој на инфраструктурата, човечкиот капитал и институционалните капацитети. Треба да инвестира и во образованието. Во апсолутни бројки, Северна Македонија инвестира три пати помалку по ученик во споредба со државите од ЕУ. Исто така, прилично бавниот процес на интеграција на Западен Балкан има потенцијал да создаде релативна дивергенција на приходите помеѓу државите од Западен Балкан и државите-членки на ЕУ од регионот, Бугарија, Романија и Хрватска кои во следните години ќе користат средства во износи од милијарди евра, меѓу другото и во форма на грантови, само за декарбонизација на економијата. Од другата страна, средствата од ИПА и оние од Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан се минорни во европските фондови наменети за државите-членки. Ова сериозно ќе влијае на растот на релативната конкурентност на Бугарија, Романија и Хрватска во споредба со остатокот од Западен Балкан.

Други можни области на соработка меѓу Шпанија и Северна Македонија, исто така, можат да бидат миграцијата, севкупната и родовата еднаквост, младите и соработката во индустријата за информатички технологии.



